Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-1805/2
26. 06. 2020 20
Скопје/Shkup

**ЗАПИСНИК**
**од**
**18-тата седница на**
**Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржана на 09.10.2019 година**

На 09.10.2019 година со почеток во 15:00 часот, во просториите на Министерството за правда се одржа осумнаесеттата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г-а Рената Дескоска – Министер за правда, г-а Даница Џонова - В.Д. Директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП- Владин Агент, г-дин Љубомир Јовески – Јавен обвинител на РСМ, г-дин Киро Здравев – Претседател на Судскиот совет на РСМ, г-а Олгица Василевска – виш советник во Министерството за надворешни работи, г-а Лидија Димчевска – Претседател на Апелациониот суд Скопје, г-дин Субхи Јакупи – заменик претседател на Вишиот управен суд, г-дин Николчо Николовски – судија во Врховниот суд на РСМ, г-дин Ацо Колевски – Претседател на Советот на јавни обивинители, г-а Нада Иванова – судија од Управниот суд на РСМ како и г-а Катерина Жатева и г-а Ана Фуна од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

Своето отсуство од состанокот навремено го најавија Министерот за внатрешни работи, Министерката за финансии, Претседателите на апелационите судови во Штип, Гостивар и Битола, како и Претседателот на Уставниот суд на РСМ.

Состанокот го отвори Министерката за правда, г-а Рената Дескоска, која ги поздрави присутните и им посака добредојде и укажа на важноста на работата на оваа Комисија за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија. На почетокот Министерката премина кон усвојување на дневниот ред за состанокот, кој беше усвоен без никакви забелешки од присутните. Пред преминување кон дискусија по точките од дневниот ред министерката објасни дека се работи за свикување на нова седница на Комисијата во релеативно кратки рокови поради неможноста на претходно одржаната, а поради отсуство на повеќе членови на МКомисија неопходни за дискусијата по точките на дневниот ред да се исцрпи дискусијата по однос на истите.

Состанокот продолжи со дискусија по точките од дневниот ред:

1. **Ел – Масри против Република Македонија, А. бр. 39630/09, пресуда од 13 декември 2012 и Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015**

Џонова ја образложи дискусијата по однос на точката од дневниот ред од претходната седница на МКомисија при што со јавниот обвинител на државата беа разменети конкретни податоци во однос на детали неопходни за ажурирање на акциониот план во однос на извршувањето на двете пресуди од точката на дневниот ред особено во однос на бројот на истражители во Одделението за следење на работата на полицијата како составен дел од Обвинителството за организаиран криминал и перспективите и

плановите во однос на екипирање на истражните центри. Цонова исто така информираше за преостанатите обврски од акциониот план важни за извршувањето на двете пресуди но и генерално за сите останати кои констатираат повреди на членот 3 од ЕКЧП, а сеуште се под надзор на КМ.

2. **Тасев против Република Северна Македонија, А.бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019**

Реферирајќи на причините поради кои е констатирана повреда на ЕКЧП во случајот беше повторена идејата за извршување на пресудата во делот на општите мерки кои имаат за цел превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП, со креирање на детални подзаконски правни правила кој би го регулирале прашањето на измени во Судскиот изборен именик, кој сега се води во Судскиот совет.

3. **Геровска Попчевска против Република Македонија, А.бр. 48783/07, пресуда од 07 јануари 2016, Митриновски против Република Македонија, А. бр. 6899/12, пресуда од 30 април 2015, Јакшовски и Трифуновски против Република Македонија, А.бр. 56381/09 и А.бр. 58738/09, пресуда од 07 јануари 2016 и Попоски и Дума против Република Македонија, А.бр. 69916/10 и А.бр. 36531/11, пресуда од 07 јануари 2016;**

Цонова реферираше и ги запозна присутните со поднесоците упатени до Меѓуресорската комисија од Попчевска, Јакшовски и Попоски, и укажа дека дел од поднесоците, пред се оние поднесени од Јакшовски и Попоски беа дел од материјалите и на претходната седница на МК, со исклучок на поднесокот од Попчевска кој е доставен во периодот помеѓу двете седници на МКомисија.

Таа ги информираше накратко присутните за содржината и барањата во поднесоците, а потоа ги информираше и за активностите на Бирото за застапување во однос на подготовките за доставување на акционен извештај до Комитетот на министри со кој ќе се предложи затворање на надзорот над извршувањето на пресудите.

Во дискусијата што следеше, поднесоците и изршувањето на предметните пресуди беше разгледано од повеќе аспекти: во светло на подготовениот акциониот извештај од страна на Бирото, природата на барањата на апликантите и нивните поднесоци до МКомисија, фактот дека пресудите констатираат повреда на членот 6 став 1 од ЕКЧП и дека пресудата на ЕСЧП не го прејудицира исходот на повторената постапка и дека оттука обврската на државата за извршување на пресудата на ЕСЧП претпоставува само обврска за отстранување на повредите на членот 6 став 1 од ЕКЧП. Имајќи го ова предвид, како и фазата во која се наоѓаат постапките повторени по пресудите на ЕСЧП и принципот на поделба на власта, на седницата на МКомисија беше заземен став дека нема простор МКомисија да навлегува во прашања кои се однесуваат на начинот на одлучување на независните институции во повторената постапка и исходот од постапката, дотолку повеќе што прашањето излегува надвор од она што потребно за целите на извршување на конкретната пресудата на ЕСЧП и очекувањата на Комитетот на минитри за целите на извршување на конкретните пресуди и дека во такви услови, спротивното би претставувало мешање во работата во независните институции, кои пак се должни во секој случај да спроведат постапки кои се во согласност со целокупното домашно и меѓународно законодавство, вклучително и со должно почитување на принципите на ЕКЧП.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 18-тиот состанок на Меѓуресорската Комисија беа усвоени следните:

**Заклучоци и препораки од 18-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

- **Тасев против Република Северна Македонија, А.бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019**

1. Се препорачува на Судскиот совет за целите на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Тасев и превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП да ја разгледа можноста за уредување на прецизни правни правила во подзаконски акт кој ќе ја уредат можноста за измена на податоците од Судскиот изборен именик особено во делот на националната припадност.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП - Владин агент,
м-р Даница Џонова

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска